Врз основа на член 17 став (2) од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020) и член 36-г од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип“ бр. 04/05, 24/14, 29/15, 23/19 и 09/24), Иницијативниот одбор во соработка со Општина Пробиштип распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

### 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Иницијативниот одбор за формирање на Локално собрани на млади распишува Јавен повик за членови во Локално собрание на млади на Општина Пробиштип. Иницијативниот одбор се формира само за оддржување на конститутивната седница на Локалното собрание на млади. Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивната седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општина Пробиштип. Со конститутивното собрание претседава најстариот член на иницијативниот одбор кој доаѓа од редот на младинските организации.

### 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

На Јавниот повик право на учество имаат претставници на младински организации, организации за млади, ученички и студентски организации, политички подмладоци и други облици на младинско здружување кои се активни и/или спроведуваат активности за/со млади на територијата на Општина Пробиштип.

Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Собранието не мора да бидат регистрирани во Општина Пробиштип, но мора да имаат активности на територијата на Општина Пробиштип. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општина Пробиштип и на возраст од 15 до 29 години.

Критериуми кои треба да ги исполнуваат младите лица кои имаат желба и интерес да се вклучат во Локално собрание на млади се:

- Да се жители на Општина Пробиштип;
- Да бидат на возраст од 15-29 години;
- Да се активно вклучени и поседуваат искуство во работа со млади и/или младински организации.

### 3. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши во архивата на Општина Пробиштип со ознака Апликација за членство во Локално собрание на млади на Општина Пробиштип.

Апликантите задолжително треба да ги достават следните документи во затворен плик:

- Пополнет образец за пријава на номинација за делегат и заменик-делегат;
- Пополнет образец на Изјава за согласност за прифаќање на номинација од номинираните лица за прифаќање номинација на делегат и заменик делегат на Локално собрание на млади;
- Пополнет образец на Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице;
- Мотивационо писмо;

- Кратка биографија CV (во која задолжително ќе бидат наведени активности за работа со млади и/или младински организации);
- Портфолио за работа на организацијата/групата/здружението;
- Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности за млади спроведени за и/или од млади во Општина Пробиштип.

Нема да бидат разгледувани пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик.

Мандатот на членовите во Локалното собрание за млади е две (2) години.

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

Јавниот повик трае 10 работни дена од денот на објавувањето.

Поднесените апликации ќе ги разгледува Иницијативниот одбор и ќе ја утврди валидноста и прифатливоста на поднесената документација, при што има за задача да изготви записник во рок од 5 работни дена по завршување на Јавниот повик.

ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

Василија Василева
(Здружение на граѓани ГРИТ Пробиштип)
________________

Димитриј Аврамовски
(СОУ Н.Н.Борче Пробиштип)
________________

Дарио Добревски
(Здружение на граѓани за општествено унапредување Тера Сапиентиа)
________________

Мартин Ангеловски
(Социјалдемократска младина на Македонија Локален клуб Пробиштип)
________________

Тоше Анастасовски
( УМС ВМРО-ДПМНЕ Пробиштип)
________________